Врз основа на член 5, член 18 и член 21 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010 и 135/2011), основачкото Собрание на Здружението на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост **НОВА ИСКРА** Скопје, на седницата одржана на ден 9.11.2012, донесе

# С Т А Т У Т

на

Здружението на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост
**НОВА ИСКРА** Скопје

***ПРЕМИСА:***

Здружението на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост **НОВА ИСКРА** Скопје е формирано со цел да се мотивираат луѓето за посреќен, поисполнет и попродуктивен живот. Сите активности (хуманитарни и социјални проекти) на Здружението ќе бидат насочени кон тоа, секој да си ја пронајде својата ИСКРА (животната, професионалната, креативната, борбената, авантуристичката, визионерската, мечтателската и страствената) и обезбедување на интелектуална и морална поддршка, како и извесни услови за реализирање на истата. При остварување на целите на здружението, секако ќе се води сметка за застапување на Социјалниот модел, така што ќе се промовира еднаквост, недискриминација и инклузивност на сите граѓани без оглед на нивната социјална, етничка, национална, верска, политичка или поинаква припадност или попреченост.

***ОПШТИ ОДРЕДБИ:***

### *Член 1 – Име и седиште*

Називот на здружението гласи:

Здружение на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост **НОВА ИСКРА** Скопје

Скратен назив: Здружение **НОВА ИСКРА** Скопје

Назив за меѓународна употреба:

Association of citizens for motivation and happier, more fulfilled and more productive life of all people, particularly of persons with physical and mental disability **NEW SPARK** Skopje

Acronym (where applicable): Association **NEW SPARK** Skopje

Седиштето на Здружението се наоѓа на адреса:
Булевар „АСНОМ“ 44/1-5, Скопје

***Член 2***

Здружението е аполитичка, неконфесионална и непрофитабилна организација посветена на личниот и професионален развој и напредок на секој граѓанин во општеството, како и развивање и унапредување на правата и интересите во поглед на подобрување на егзистенцијалната состојба на членовите на здружението.

Здружението е независна организација која добива финансиска, материјална и морална поддршка од најразлични поединци, физички и правни лица и донаторски организации.

***Член 3***

Здружението има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Уставот, законот и овој статут.

***Член 4***

Здружението има свој печат, штембил и лого.

Печатот е тркалезен и го содржи називот:

Здружение на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост **НОВА ИСКРА** Скопје

Штембилот е правоаголен со следниот текст:

Здружение на граѓани за мотивација и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе, особено на лицата со физичка и ментална попреченост **НОВА ИСКРА** Скопје со простор за број, датум и место.

Логото на Здружението на граѓани Скопје го избира Собранието на здружението.

***<u>ЦЕЛИ</u>***

- Презентирање, промовирање и заштита на животот и делото на ИСКРА ДОНЕВА како мотивирачка успешна приказна и други активности за успешно завршување на хуманитарната акција за собирање средства за нејзин медицински третман со матични клетки и подобрување на егзистенцијалните услови.

- Мотивирање на луѓето да ги откријат, надградат и стават во функција своите лични квалитети, образовни и професионални капацитети, креативни и спортски таленти и можности за остварување на нивните највозвишени и најамбициозни цели како би живееле посреќен, поисполнет и попродуктивен живот без оглед на моменталната егзистенцијална состојба во која се наоѓаат.

- Обука и упатување на луѓето во вештини кои ќе ги мотивираат и ќе им помогнат во надминување на наметнатите ограничувачки фактори и

уверување и ќе им обезбедат нови видици, начини, техники, инструменти и формули за помудар, посреќен, поисполнет и попродуктивен живот.

- Мотивирање и промовирање на солидарност и општествена одговорност, доброчинителство, волонтеризам и организирање хуманитарни настани и активности.

***ЗАДАЧИ***

- Презентирање, промовирање и заштита на животот и делото на ИСКРА ДОНЕВА како мотивирачка успешна приказна и други активности за успешно завршување на хуманитарната акција за собирање средства за нејзин медицински третман со матични клетки и подобрување на егзистенцијалните услови.

- Мотивирање на граѓаните да ги откријат, надградат и стават во функција своите лични квалитети, образовни и професионални капацитети, креативни и спортски таленти и можности за остварување на нивните највозвишени и најамбициозни цели како би живееле посреќен, поисполнет и попродуктивен живот без оглед на моменталната егзистенцијална состојба во која се наоѓаат.

- Обука и упатување на граѓаните во вештини кои ќе ги мотивираат и ќе им помогнат во надминување на наметнатите ограничувачки фактори и ќе им обезбедат нови видици, начини, техники, инструменти и формули за помудар, посреќен, поисполнет и попродуктивен живот.

- Мотивација за промена на уверувањата кои влијаат врз: самопочитта, односите со другите луѓе, напредокот, вршењето на работата, менталното и физичкото здравје.

- Победа на емоциите со висока позитивна енергија (задоволство, храброст, воодушевување, мотивација, разбирање, сигурност, самодоверба, инспирација, ентузијазам, љубов, подготвеност за акција, чувство на исполнетост, среќа, насмевка, хумор) над оние со ниска негативна енергија (депресија, иритираност, страв, бес, гнев, лутина, нетрпеливост, замор, мрзеливост, тага, чувство на неприфатеност, љубомора, несигурност, недоверба во себе, самосожалување, незадоволство, разочараност).

- Развивање на меѓусебно почитување, доверба, поддршка, толеранција и разбирање кај луѓето од сите општествени групи и генерации како предуслов за успешна комуникација и максимално можно достигнување на личните и професионални дострели.

- Заштита на човековите права, особено на ранливите општествени групи (лица со пречки во психофизичкиот развој, помали економски можности, припадност кон етничко, културно, религиско или сексуално малцинство и деца без родители, деца на самохрани родители и други видови групи) и лицата со ментална и физичка попреченост заради застапување и

обезбедување на услови за нивна еднаквост, рамноправност и инклузија во општествените процеси и активности со што на оригинален начин би ги искористиле своите интелектуални, креативни и емоционални капацитети кои произлегуваат од различноста на секоја единка и би станале попродуктивни граѓани во современото општество.

- Промовирање и развој на емоционалната интелигенција, духовната сила и интелектуалната моќ пред и над телесната сила или немоќ, на внатрешната убавина наспроти надворешната.

- Пружање морална поддршка и мотивација на поединци и семејства во кризни и конфликтни ситуации.

- Подигнување на јавната свест за и на лицата со ментална и физичка попреченост, информирање на јавноста за проблемите со кои се соочуваат, за нивните потреби, но и за квалитетите и капацитетите кои тие ги поседуваат како би се победиле постоечките предрасуди и стереотипи преку медиумски кампањи, но и редица неформално образовни, креативни, забавни и рекреативни активности во кои ќе земат учество сите граѓани без оглед на возраст, образовен профил или припадност на било која општествена група, со или без попреченост заради размена на искуства и примена на моделот влегување во туѓа кожа, секој да дојде во допир со различни нешта и ситуации и да научи да биде корисен при надминување на ограничувањата, создавањето на креативни и продуктивни нешта и решенија за проблемите согласно можностите во дадена ситуација.

- Јакнење на соработката (елиминирање на општествената какафонија) индивидуа – семејство – НВО сектор – релевантни услужни центри и капацитети - локални и државни институции – донатори и креатори на законите заради успешно решавање на актуелните проблеми.

- Спроведување на активности со мотивационен карактер за сите луѓе (особено на лицата со ментална и физичка попреченост) од сите сфери на општественото живеење преку подготовка и реализација на национални и меѓународни проекти, работилници, семинари, обуки, кампови, волонтерски иницијативи, фестивали и други активности.

- Поттикнување, будење и негување креативност кај сите луѓе како корисна форма на изразување и општествено ангажирање преку реализација на литературни, музички и уметнички работилници и перформанси, изложби, филмски проекции, театарски изведби, презентации, танц, креативни излети и престои и други видови активности кои се карактеризираат како култура и уметност.

- Реализација и промоција на создадените творечки дела.

- Откривање и развивање на спортски таленти со организација на разновидни спортско – рекреативни настани.

- Организирање на различни форми на неформална едукација со мотивирачки карактер.

- Размена на искуства од типот волонтерска асистенција по различна основа млади – стари, вработени – невработени, со и без попреченост, аматери и професионалци.

- Осмислено, организирано и корисно мотивирано ползување на слободното време на луѓето.

- Активно, мотивирано и продуктивно вклучување на сите луѓе во граѓанските и социјални процеси кои се во нивен интерес.

- Информативна, советодавна и морална поддршка и мотивација на луѓето при донесување издржани одлуки кои се однесуваат на постојана надградба на личните квалитети и избори во животот, образовни капацитети, професионална ориентација, продуктивно вклопување во соодветна работна средина или стартување сопствен бизнис и нивно емоционално, станбено и финансиско осамостојување и независност.

- Забавни, релаксирачки, советодавни и здравствено едукативни активности за поттикнување и поддршка на луѓето од сите општествени групи, а особено лицата со попреченост при воспоставување на бизнис контакти, склопување нови пријателства или пронаоѓање на вистинската љубов како основен предуслов за планирање и формирање на здрави, среќни, продуктивни семејства и потомства кои генерално ќе доведат и до побрз и похармоничен прогрес во сите опшествени сфери, процеси и односи.

- Позитивно мислење (мотивација за промена на погледот на свет – ако се промени начинот на кој ги гледаме нештата, ќе се променат и нештата кои ги гледаме)

- Етички, правни, социјални, економски, здраствени, нутритивни, креативни, архитектонски совети (советодавен, рекреативно – релаксационен, креативен центар).

- Мотивирање и промовирање на солидарност и општествена одговорност, доброчинителство, волонтеризам и организирање хуманитарни настани и активности.

- Придобивки од интернет вмрежување.

- Соработка и партнерства со други НВО и други релевантни институции и фактори во земјава и светот.

Здружението своите цели и задачи ги остварува врз основа на стручност, непристрасност, независност, доброволност и солидарност како фундаментални принципи при дејствувањето.

**Финансирање на здружението**

**Член 5**

Заради остварување на целите и задачите на здружението се предвидува финансиски средства да се обезбедуваат од следните извори:

- Членарина,
- Прилози,
- Донации и подароци,
- Спонзорства,
- Дејности со кои може да стекне добивка,
- Други активности во согласност со закон.

**Член 6**

Паричните средства добиени по основите предвидени во член 5 од Статутот се уплатуваат на жиро сметка на здружението.

Распределбата на средствата добиени по основите од член 5 од Статутот ќе ја врши надлежниот орган предвиден со Статутот, а врз основа на посебна одлука.

**Членство во здружението**

**Член 7**

Здружението се организира за работа на територијата на Република Македонија.

Негови членови можат да бидат полнолетни државјани и жители на РМ кои доброволно ќе пристапат во здружението со поднесување на пристапна изјава – пристапница.

**Член 8**

Член на здружението може да биде и странски државјанин доколку биде прифатен со одлука донесена од страна на собранието на здружението со мнозинство гласови.

**Член 9**

Членовите во здружението ги остваруваат следните права:

- да бираат и да бидат бирани во органите на здружението
- да покренуваат дискусии и прашања од делокруг на работа на собранието, како и пошироко во смисла на остварување на целите и задачите на здружението
- да предлагаат донесување соодветни одлуки од страна на собранието

**Член 10**

Членот е должен активно да работи на обезбедување на материјално – финансиската состојба на здружението, да се придржува кон одредбите на овој Статут, да се залага за остварување на програмските цели и задачи предвидени во овој Статут, како и да

се грижи за спроведување на сите ставови и заклучоци донесени во органите и телата на здружението.

**Член 11**

Матичната евиденција на членство ја води Здружението во Регистарот на членство.

**Член 12**

Членството во здружението може да престане:

- со истапување
- со исклучување односно бришење од евиденција поради непочитување на основните принципи предвидени со Статутот на здружението.

**Член 13**

Членот истапува од Здружението **НОВА ИСКРА** Скопје по сопствена волја со писмено барање доставено до Претседателот или Потпретседателот на Здружението.

За исклучување на членот одлучува Собранието по предлог на Претседателот

**Член 14**

Сите членови плаќаат членарина.

Управниот одбор на здружението ја утврдува за секоја година висината на годишната членарина со посебна одлука.

**Член 15**

Собранието може да прогласи почесни членови на здружението.

Почесните членови се лица кои дале значаен придонес за развојот на здружението. Почесните членови можат да остваруваат советодавна функција во работата на здружението и на другите органи и тела на здружението но без право на глас во донесувањето на одлуки.

**Органи на здружението**

**Член 16**

Здружението ги има следните органи:

1. Собрание

2. Претседател на здружението и на Управен одбор

3. Потпретседател

4. Управен одбор

5. Надзорен одбор

6. Советодавно тело

Во здружението по потреба може да се конституираат и други органи или помошни тела заради извршување на одделни активности на здружението.

**Член 17**

1. **Собрание**

Собранието е највисок орган на здружението и во него партиципираат сите членови на здружението.

Собранието одлучува полноважно ако на седницата присуствуваат повеќе од половината членови.

Собранието донесува одлука ако за неа гласаат повеќе од половината на присутните членови.

Редовна седница на Собранието по правило се одржува еднаш годишно, а во текот на годината по иницијатива на Претседателот на здружението.

Седница може да се свика и по барање на најмалку една половина од членовите на здружението или по барање на Управниот одбор.

Седницата на Собранието ја свикува Управниот одбор најмалку 10 дена пред одржувањето.

Со работа на Собранието раководи Претседателот на здружението.

Органите и телата на здружението Собранието ги конституира на секои четири години.

**Член 18**

**Собранието:**

- Донесува Статут и други општи акти на здружението како и нивни измени и дополнувања
- Именува претседател на здружението
- Избира членови на Управен одбор и Надзорен одбор
- Донесува деловник за работа на собранието
- Донесува одлука за членување на здружението во домашни и странски професионални организации и здруженија
- Ја координира и поттикнува соработката со домашни и странски организации
- Констатира прием на нови членови и престанок на членство во здружението
- Ги разгледува и усвојува извештаите на Управниот одбор и Надзорниот одбор за работа на здружението
- Ги разгледува и усвојува извештаите за материјално-финансиското работење на здружението
- Донесува одлука за престанок на здружението и
- Врши и други работи од делокругот на работа на здружението доколку со овој Статут или со друг акт не се ставени во надлежност на здружението.

**Член 19**

## 2. Претседател на здружението

Претседател на здружението е и претседател на Управниот одбор со мандат од 4 (четири) години, со право на реизбор.

Претседателот на здружението го застапува и претставува Здружението. Во случај на потреба Здружението може да го застапува и претставува Потпретседателот, а по овластување на Претседателот.

Претседателот на Здружението **НОВА ИСКРА** Скопје има право, доколку оцени дека одреден член на УО или Надзорен одбор не се придржува до одлуките и ставовите на УО и Собранието, за истиот да поднесе барање за разрешување и смена до Собранието.

Претседателот во секое време може да свика Собрание на Здружението **НОВА ИСКРА** Скопје.

Претседателот во својата тековна работа донесува одлуки за користење на финансиските и други средства на здружението според предвидената намена и начинот на користење на средствата.

Потписник за извршување на материјалното и финансиското работење на Здружението е Претседателот и потпретседателот на здружението.

**Член 20**

## 3. Потпретседател на здружението

Потпретседателот на здружението, во ситуации кога е тоа неопходно, може да го заменува Претседателот и да го застапува и претставува Здружението но само со претходно овластување од Претседателот.

**Член 21**

## 4. Управен одбор

Управниот одбор е извршен орган на Собранието на здружението.

Управниот одбор е составен од пет полноправни членови на здружението кои ќе бидат избрани од страна на Собранието со мандат од 4 (четири) години, со право на реизбор.

Управниот одбор работи на седници.

Со седниците на Управниот одбор раководи Претседателот на здружението.

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба и истите ги свикува Претседателот.

Управниот одбор донесува полноважни одлуки и заклучоци доколку на седницата учествуваат повеќе од половината и ако за нив се изјасниле повеќе од половината од вкупниот број членови на Управниот одбор.

**Член 22**

Управниот одбор за својата работа е одговорен пред Собранието.

Собранието може да ги отповика целиот управен одбор или поедини членови и пред истекот на мандатот доколку оцени дека истите не ја обавуваат својата должност во согласност со одредбите на овој Статут односно во согласност со одлуките на собранието.

Управниот одбор или член на Управниот одбор се отповикува по иста постапка како што е избран.

Управниот одбор или одделен негов член/членови може да поднесат пред Собранието колективна или поединечна оставка.

**Член 23**

**Управниот одбор:**

- Го донесува годишниот план за работа на здружението и го усвојува годишниот извештај.
- Ја утврдува политиката и концептот за работа за тековната година на здружението, според строгата намена за остварување на целите и задачите на здружението.
- Донесува програми и финансиски план на здружението
- Ги подготвува седниците и ги извршува заклучоците на здружението
- Донесува одлуки на годишен план за користење на финансиските и други средства на здружението според предвидената намена и начинот на користењето на средствата
- Го подготвува нацртот на Статутот и другите општи акти што ги донесува Собранието
- Дава предлози на собранието за прием и отповикување на членови во Управниот одбор
- Одговара за реализација на програмата за работа на здружението
- Именува членови на работни тимови и ја следи нивната работа
- Извршува и други работи кои произлегуваат од целите и задачите на здружението.

**Член 24**

**5. Надзорен одбор**

Надзорниот одбор ја надгледува законитоста на работењето на здружението согласно Статутот, а особено во делот на финансиското работење.

Надзорниот одбор е составен од три полноправни члена на здружението со мандат од 4 (четири) години, со право на реизбор.

Во вршењето на надзор над работата на здружението, Надзорниот одбор донесува акти и препораки за другите органи на Здружението.

**Член 25**

## 6. Советодавно тело

Советодавното тело го сочинуваат седум членови на здружението.

Советодавното тело се состанува најмалку еднаш годишно или по потреба со цел разгледување на минатите активности и долгорочна Програма за работење и дејствување на Здружението **НОВА ИСКРА** Скопје.

Сите конструктивни предлози и сугестии на советодавното тело во однос на минатите и идни активности на здружението, Управниот одбор ги разгледува и по своја оцена ги прифаќа во целост или делумно.

## 7. Престанок на здружението

**Член 26**

Здружението престанува со работа согласно член 63 од Законот за здруженија на граѓани и фондации (Службен Весник на Р. М. Бр. 52/2010 и 135/2011) во следните случаи:

- Доколку членовите донесат одлука за престанок со работа со двотретинско мнозинство
- Доколку бројот на членовите се намали под потребниот минимум определен за основање
- Ако Уставниот суд на Р.М. донесе одлука дека програмата и Статутот на здружението не се во согласност со Уставот.

**Член 27**

Во случај на престанок на Здружението со работа, средствата што ќе останат по намирување на обврските, се пренесуваат на нејзините основачи врз основа на меѓусебна спогодба.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 28**

Измени и дополненија на овој Статут се донесуваат по истата постапка определена за донесување на Статутот.

Постапка за измени и дополнивања можат да покренат една третина од членовите на Собранието, Управниот Одбор како и Претседателот на Здружението.

**Член 29**

Овој Статут влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието.

Претседател на

Здружение на граѓани за мотивација
и посреќен, поисполнет и попродуктивен живот на сите луѓе,
особено на лицата со физичка и ментална попреченост
**НОВА ИСКРА** Скопје

Искра Донева

_________________________________